European Social Survey

# ПРОСПЕКТ ЗА ЕОИ

ЕВРОПСКО ОПШТЕСТВЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ
ЕВРОПСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ИНФРАСТРУКТУРЕН КОНЗОРЦИУМ



# ВОВЕД

Добро информираните граѓани недвојбено се многу свесни за различните закани кон демократијата што се случуваат во нашето општество, како што се  идеолошките, политичките, економските и еколошките тензии, за кои има потреба од итно решавање. Обезбедувањето на високо квалитетни податоци со помош на Европското општествено истражување (ЕОИ) е клучен елемент за одговор на ваквите проблеми.

Со обезбедување точни податоци за вредностите, мислењата, ставовите и убедувањата на европските граѓани, ЕОИ обезбедува темел на цврсти информации што се и веродостојни и обемни. Ова е сè поважно во време кога несигурни податоци, „лажни вести“ и „алтернативни факти“ се лесно достапни во кој било пребарувач.

Овој проспект го утврдува придонесот на ЕОИ. Нашата надеж е дека им овозможува на политичарите, законодавците, креаторите на политики, деловните лидери и обичните граѓани чувство за тоа колку овие податоци можат да бидат важни и дека ќе ги охрабри оние кои се во состојба да влијаат, цела Европа да биде покриена со идните бранови на ЕОИ.

**Професор Мајкл Брин**
Претседавач, Генерално собрание на ЕОИ ЕИИК

# ПРЕДГОВОР

Европското општествено истражување е основано како одговор на слабата достапност до академски ригорозни меѓународни податоци, особено во однос на ставовите, убедувањата и вредностите. Основачите на ЕОИ, Роџер Џовел (Roger Jowell) и Макс Кас (Max Kaase) имаа визија и решителност не само да развијат научен план за истражувањето, туку и да ги убедат националните финансиери, Европската научна фондација и Европската комисија, дека постои јаз во знаењето и да се согласат да се финансира и развива сеопфатно, квалитетно, компаративно, општо општествено истражување за пошироката заедница на општествените науки.

Со оглед на големите општествени промени со кои се соочува Европа, како што се: имиграцијата, промената во семејните односи, но и меѓу партнерите, климатските промени, реформата на благосостојбата, опаѓањето на политичката доверба, зголемениот популизам и постојаните здравствени нееднаквости, ЕОИ обезбедува бројни податоци што ги осветлуваат промените и стабилноста во социјалното ткиво на Европа. Со над 100.000 регистрирани корисници и над 3.000 веќе идентификувани публикации, заедно со јасни докази за влијанието „надвор од академските кругови“, ЕОИ веќе се етаблираше како критичен столб на европскиот истражувачки простор. Воедно, методите и методологијата на оваа истражувачка програма гарантираат дека инфраструктурата е секогаш најсовремена, па ЕОИ помага Европа да се позиционира како глобален лидер во однос на компаративната општествена наука.

Визијата на основачите на истражувањето е јасно реализирана. Бидејќи ЕОИ созрева во формална истражувачка инфраструктура со свој правен статус, ги повикуваме сите земји во географска Европа да им се придружат на постојните членки и да обезбедат сеевропско покривање. Заедно можеме да обезбедиме платформа за да осигуриме дека ќе се слушнат ставовите на луѓето во Европа во однос на овие големи предизвици. Истражувачите, креаторите на политики и граѓанското општество, врз ваква основа ќе имаат комплетни податоции ќе бидат информирани во дискусиите и во одлучувањето. Овој проспект дава детали за инфраструктурата, како и информации за тоа како да се аплицира за членство.

**Д-р Рори Фицџералд (Dr. Rory Fitzgerald)**
Директор на ЕОИ ЕИИК, февруари 2017 година

> **„Пристапот до високо квалитетни и споредливи податоци ќе ни помогне да го подобриме нашето разбирање за длабоките социјални, политички, економски и демографски промени што се случуваат во Европа, како и за односот меѓу Европа и остатокот од светот.“**

**Маир Гејган-Квин (Máire Geoghegan-Quinn)**
Европски комесар за истражување, иновации и наука (2010-14) говорејќи на промоцијата на ЕОИ ЕИИК, Лондон, Велика Британија, 31. јануари 2014 година

# РЕЗИМЕ

Европското општествено истражување (ЕОИ) е паневропска истражувачка инфраструктура која обезбедува слободно достапни податоци за академската заедница, креаторите на политиките, граѓанското општество и пошироката јавност. Во 2013 година доби статус на Европски истражувачки инфраструктурен конзорциум (ЕИИК) / European Research Infrastructure Consortium (ERIC).

Работата на ЕОИ ЕИИК вклучува организирање на истражување на секои две години за мерење на социјалните ставови и однесување; користење и развој на највисоките стандарди во меѓународните истражувања; обезбедување директни и виртуелни програми за обука; и поддршка на слободен пристап до сопствената растечка архива на податоци и документација (www. europeansocialsurvey.org).

Земјите, коишто учествуваат во истражувањето го финансираат Главниот научен тим кој дизајнира и обезбедува гаранција за квалитет на истражувањето, како и организација, проверка и дистрибуција на податоците. Земјите членки ги финансираат и своите национални тимови во спроведување на истражувањето, ангажирајќи агенции за комерцијални истражувања, национални статистички заводи и непрофитни истражувачки институти за спроведување на интервјуа во домовите на луѓето.

ЕОИ ги мапира, ставовите и промените во однесувањето во европската општествена, политичка и морална клима, повеќе од 15 години. Иницирано во 2001 година, првиот круг на истражувања бил спроведен во 2002 година и обезбедени се резултати од 22 земји. Од основањето до сега во ЕОИ учествувале 36 земји.

Со усвојување на прецизни и комплетни пристапи кон одредување на примерокот, тестирање на прашања, организација и забележување на настаните, превод и зголемување на стапката на одговори, ЕОИ стана највреднуваниот извор на информации за промена на социјалните вредности во Европа.

Ова општо општествено истражување ги мери ставовите за широк спектар на теми. ЕОИ беше првенствено дизајнирано како временска серија за следење на промените на ставовите и вредностите низ цела Европа. Затоа, прашалникот се состои од главен основен дел кој вклучува голем број прашања на кои се одговора на секои две години од 2002 година. Секое прашање има единствен идентификатор за да се овозможи лесно споредување на податоците со текот на времето.

Развојот на овој „основен“ дел од прашалникот на ЕОИ ги следеше препораките дадени од академски експерти кои беа консултирани од Главниот научен тим за време на раните фази на планирање на ЕОИ.

Дополнително, во секој бран на ЕОИ се избираат меѓународни тимови на истражувачи од земјите каде се спроеведува ЕОИ за да придонесат за дизајнирање на дел од прашалникот. Два „ротирачки“ модули се избираат врз основа на Повик за предлози, кој се објавува во Службениот весник на Европската унија (СВЕУ / OJEU).

Како резултат, ЕОИ секогаш вклучува прашања за мерење на ставовите кон медиумите, здравјето и благосостојбата, довербата во институциите и владите, образованието и професијата, социјалниот капитал и социјалната доверба, околностите во домаќинството, вклученоста на граѓаните и демократијата, социјалната исклученост, политичките вредности и ангажманот, социјално-демографските особини на испитаниците, имиграцијата и криминалот.

ЕОИ поставува прашања, дизајнирани во соработка со надворешниистражувачи, кои се однесуваат на: вклученоста на граѓаните, здравјето и грижата, економскиот морал, семејството, работата и благосостојбата, животните циклуси, личната и социјалната благосостојба, ставови за благосостојбата, староста, довербата во полицијата и судовите, демократијата, имиграцијата, социјалните нееднаквости во здравството, и ставовите кон климатските промени и енергетската безбедност. Некои од овие теми се повторуваат во подоцнежите фази или бранови на истражување.

Со мерење на резултатите низ различни временски фази, податоците откриваат интригантни контрасти и сличности меѓу европските земји. Оваа прецизна, комплетна и споредлива збирка на податоци потоа се користи од академската заедница, а нивното истражување честопати ја олеснува политичката, социјалната и економската дебата на сеевропско ниво, како и на ниво на земјите-членки. Ова им овозможува на научниците, на креаторите на политики, на граѓанските и истражувачки институции и на другите заинтересирани страни да ги мерат и толкуваат ставовите на европските граѓани, меѓународно, односно меѓу државите, но и низ времето.

До сега се собрани и обработени податоци од седум анкетни истражувања, теренските работи за осмиот бран се одвивале во септември 2016 година, деветиот бран се спроведувал од 1 јуни 2017 до 31 мај 2019 година.

Европските земји се добредојдени да се приклучат кон ЕОИ, дури и ако претходно не учествувале или биле отсутни некое време. Вклучувањето на нови членови му овозможува на ЕОИ ЕИИК да го зголеми достапниот број на компаративни податоци и доведува до пониски трошоци за учество на сите вклучени држави. Поддршката може да биде обезбедена од централниот тим на ЕОИ, кој може да помогне во подготовката на земјите кои учествуваат за првпат.

Откако една земја ќе стане членка на ЕОИ, таа земја мора да назначи национален претставник на кој му се дадени целосни овластувања да гласа за сите прашања кои се разгледуваат на Генералното собрание.

## РОТИРАЧКИ МОДУЛИ СЕ БИРААТ ЗА СЕКОЈ БРАН

### 1. БРАН 2002/03
- Вклученост на граѓаните
- Имиграција

### 2. БРАН 2004/05
- Работа, семејство и благосостојба
- Здравство
- Стопанство и морал

### 3. БРАН 2006/07
- Лична и општествена благосостојба
- Животни циклуси

### 4. БРАН 2008/09
- Ставови за старост и стареење
- Социјална благосостојба

### 5. БРАН 2010/11
- Работа, семејство и благосостојба во време на рецесија
- Доверба во правосудство

### 6. БРАН 2012/13
- Лична и општествена благосостојба
- Разбирања и оценки за демократијата

### 7. БРАН 2014/15
- Здравствени нееднаквости
- Имиграција

### 8. БРАН 2016/17
- Климатски промени и енергија
- Социјална благосостојба

### 9. БРАН 2018/19
- Правда и праведност
- Животни циклуси

## КЛУЧНИ ТЕМИ ВО СИТЕ БРАНОВИ
- Криминал
- Демократија и политика
- Човекови вредности
- Имиграција
- Користење на медиуми
- Државен и етнички идентитет
- Дискриминација
- Религија
- Општествена исклученост
- Доверба во општеството/Доверба во институции
- Лична благосостојба
- Демографија

## РЕЗИМЕ (продолжува)

Секоја членка, исто така мора да назначи национален координатор за управување со активностите на ЕОИ ЕИИК во сопствената земја. Тие имаат целосна одговорност за обезбедување успешно спроведување на теренската работа во истражувањето. Оваа активност честопати се доставува до надворешен обезбедувач на услуги, но сепак на крајот Националниот координатор е одговорен за националното спроведување на анкетирањетоза ЕОИ.

ЕОИ го испраќа изворниот анкетен прашалник на англиски јазик и тој е основа која ја користат преведувачите во обезбедување на национални инструменти, така што истражувањето, односно прашалникот, ќе има исто значење на секој јазик. Прашалникот се преведува на сите јазици, кои се зборуваат како прв јазик од повеќе од пет проценти од населението на секоја земја.

Во согласност со основната спецификација за земјите учеснички, која е достапна во секој бран, секој национален координативен тим идентификува соодветна рамка за примерокот и произведува дизајн на примерокот што треба да се спроведе во земјата.

ЕОИ обезбедува сеопфатен материјал за обука на анкетари и тренинг сесии за анкетарите. Од витално значење е спроведувањето на анкетата да биде што поконзистентно во сите европски земји, земајќи ја предвид неопходната национална адаптација. Обуките го објаснуваат целиот проект на ЕОИ: прашалникот и правилата. Сите анкетари мора лично да бидат обучени ако учествуваат во теренското собирање податоци за ЕОИ.

Теренската работа на истражувањето се одвива во период не пократок од еден месец, во рамки на одреден период од најмногу четири месеци. Иако сите земји имаат за цел да постигнат ефективна големина на примерок од најмалку 1.500 испитаници, сепак овој број е намален за земјите со помало население. Откако ќе заврши теренската работа, националните тимови за координација ги депонираат своите податоци во архивот на податоци на ЕОИ.



ЕОИ продолжува да гради огромно мноштво на слободно достапни податоци за мерење на однесувањето и социјалните ставови на Европејците. Покрај ова, националните тимови ги следат и ги забележуваат политичките тврдења во извештаите на медиумите за време на теренската работа. Ова помага да се осигури дека сега, но и во иднина, оние кои ќе ги анализираат податоците ќе можат да бидат свесни за националниот контекст во кој прашањата биле одговарани.

Над 350.000 интервјуа лице в лице се завршени сметано од 2002 година. Постојат над 100.000 регистрирани корисници на податоците, кои можат да ги анализираат преку веб-базираната програма „Нестар / Nesstar“ или да ги преземат за детална анализа во програми како што се SPSS, R или STATA. Исто така, на корисниците им се помага преку Интернет обука и програмата ESS EduNet.

Податоците се достапни за преземање целосно бесплатно од каде било во светот. При преземање на прилагодени групи на податоци на корисниците им се нудат голем број опции: тие можат да преземаат податоци од повеќе истражувачки циклуси или од повеќе земји. Датотеките со податоци може да се преземат во голем број формати. Програмата за податоци на ЕОИ им овозможува на корисниците да изберат кои варијабли ќе ги вклучуваат во сопствената база на податоци.

Функцијата „Преземање од различни нивоа“ овозможува да се добијат податоци за земјии региони, од аспект на испитаниците во податоците на ЕОИ. Ова беше делумно финансирано од Декартовата награда за извонредност во соработката на научни истражувања, доделена на ЕОИ во 2005 година.

Анализа во рамки на Google Scholar од 2003-15 година откри дека 3.104 англиски академски списанија, книги, поглавја, конференциски трудови или работни трудови се повикуваат на ESS.

**„Кога разгледуваа нови политики, владите во минатото честопати не ги знаеја ориентациите и потребите на своите граѓани. Сега европските влади имаат извор за надминување на тоа незнаење.“**

**Професор Сер Роџер Џовел (Sir Roger Jowell)**
Сосновач на ЕОИ

# СОДРЖИНА

1. Вовед и предговор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1
2. Резиме . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2

**Што е европско општествено истражување?**

3. Европско општествено истражување ЕИИК . . . . 7
   Историја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
   Структура и управување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8
   Оперативни активности . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8
4. Пристапување кон Европското општествено истражување ЕИИК и финансиски податоци . . 10
   Статус на земјите во ЕОИ ЕИИК . . . . . . . . . . . . . 10
   Трошоци за теренска работа, национална координација и придонес на земјата . . . . . . . . 11
   Постапки за пријавување за учество . . . . . . . . . 12
   Контрола на сметките на ЕОИ ЕИИК . . . . . . . . 13
5. Двегодишно меѓународно општествено истражување со висок квалитет . . . . . . . . . . . . 14
   Методолошка прецизност и квалитет . . . . . . . . 14
   Тестирање на прашалникот . . . . . . . . . . . . . . . . 16
   Превод . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16
   Примерок . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18
   Обука за анкетари . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18
   Бележење на медиумските известувања . . . . . 18
   Подготовка на податоци и депонирање . . . . . . 19
6. Повеќенаменска алатка за академски истражувања, образование и обука . . . . . . . . . 20
   ЕОИ *ЕДУНЕТ* за е-учење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20
   Курсеви за обука . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20
   Статистика за регистрирани корисници . . . . . . 20
   ЕОИ Библиографија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21
7. Податоци и документација со неограничен пристап . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 22
   Податоци достапни без дополнителни трошоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 22
   Кумулативни и хармонизирани податоци . . . . . 22
   Повеќеслојни и контекстуални податоци . . . . . 23

**Наоди од Европското општествено истражување**

8. Ротирачки модули насочени кон клучните општествени теми . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 24
   Демократија и вклучување на граѓаните . . . . . 24
   Семејство, работа и благосостојба . . . . . . . . . . 25
   Ставови кон имиграцијата . . . . . . . . . . . . . . . . . 26
   Општествени нееднаквости во здравството . . . 27
   Ставови за социјална заштита во Европа на промени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28
   Ставови за климатски промени и енергијата . . 29
9. Креирање политики од меѓународна европска перспектива . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 30
10. Изданија на ЕОИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 32
   Клучни наоди од ЕОИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 32
   Брошури со податоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 32
   ЕОИ за благосостојбата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
11. Референци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
   Контакт информации . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33



# ШТО Е ЕВРОПСКО ОПШТЕСТВЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ?



# ЕВРОПСКОТО ОПШТЕТСВЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЕИИК

## ИСТОРИЈА

Европското општествено истражување (ЕОИ) е академски осмислено меѓународно општо општествено истражување што се спроведува низ цела Европа од 2002 година. На секои две години, се врши анкетирање лице в лице во домовите на луѓето според новодизајниран примерок, кој ги опфаќа сите лица постари од 15 години, кои живеат во конкретната земја.

Иницијативата за отпочнување на ЕОИ започна во 1995 година во рамки на Постојаниот комитет за општествени науки на Европската научна фондација (ЕНФ). Комитетите под раководство на професорот Сер Роџер Џовел од Обединетото Кралство и професорот Макс Кас од Германија беа формирани за изработка на планот за иднината на ЕОИ (ESS Blueprint).

Врз ваква основа и со помош на д-р Џон Смит (John Smith) од ЕНФ, донесена е одлука во рамки на ЕНФ да започне развој на проектот за ЕОИ. Од Роџер Џовел беше побарано да собере основен тим и да поднесе барање до Европската Комисија за централно финансирање што ќе треба го обезбедат земјите учеснички. Оваа апликација беше успешна и првиот бран на ЕОИ започна во 2001 година со теренска работа во 2002 година.

Анкетата ги измери ставовите, верувањата и моделите на однесување на различните популации во повеќе од триесет нации.

Главните цели на ЕОИ се:

- Да се мапира стабилноста и промената во општествената структура, условите и ставовите во Европа и да се разберат општествените, политички и морални промени во ткивото на Европа;
- Да се постигне и прошири висок стандард на прецизност и квалитет во меѓународно истражување во општествените науки, вклучително на пример: дизајнирање на прашалник и пред-тестирање, изработка на примерок, собирање податоци, намалување на пристрасност и веродостојност на прашањата;
- Да се воведат веродостојни индикатори за национален напредок, засновани врз перцепциите и проценките на граѓаните за клучните аспекти на нивните општества;
- Да се подобри и олесни обуката на европските општетсвени истражувачи за споредбено квантитативно мерење и анализа;
- Да се подобри видливоста и достапноста на податоците за општествените промени во академската заедница, меѓу креаторите на политики и во пошироката јавност.

2005 година, ЕОИ беше првиот проект од областа на општествени науки, кој ја освои годишната Декартова награда за извонредност за соработка во научно истражување. Доделена во име на Европската унија, наградата Декарт му беше доделена на меѓународниот тим кој постигнал исклучителни научни или технолошки резултати преку заедничко истражување.

> **„ЕОИ има за цел да ја подобри видливоста и употребата на податоците за општествените промени во академската заедница, меѓу креаторите на политики и во пошироката јавност.“**

ЕОИ има за цел да ја подобри видливоста и употребата на податоците за општественитепромени во академската заедница, меѓу креаторите на политики и во пошироката јавност

По пријавата до Европската Комисија поднесена од Обединетото Кралство во име на вкупно 15 земји, на ЕОИ му беше доделен статус на Европски истражувачки инфраструктурен конзорциум (ЕИИК) во ноември 2013 година. ЕИИК е целосно признато правно лице според регулативата на Европската унија.

Европското општетсвено истражување ЕИИК беше признато како обележје на Европскиот стратешки форум за истражувачки инфраструктури ЕСФИИ (ESFRI - European Strategy Forum on Research Infrastructures) од страна на ЕСФИИ во март 2016 година. Објавувањето беше значајно достигнување за ЕОИ ЕИИК, како одраз на зрелоста на инфраструктурата.

ЕСФИИ е стратешки инструмент на Европската унија за развој на научната интеграција на Европа и за зајакнување на нејзината меѓународна активност. ЕОИ претходно беше вклучено во Патоказот на ЕСФИИ во 2006, 2008 и 2010 година. Патоказот ги идентификува истражувачките инфраструктури од пан-европски интерес, што соодветствува на долгорочните потреби на европските истражувачки заедници, опфаќајќи ги сите научни области.

Ознаките на ЕСФИИ се истражувачки инфраструктури кои беа спроведени или започнаа со спроведување во претходните фази на ЕСФИИ Патоказот. Само на воспоставени и висококвалитетни истражувачки инфраструктури им се доделува статус на обележје на ЕСФИИ - што помага да се осигури дека и понатаму ќе бидат признати од националните влади.

# СТРУКТУРА И УПРАВУВАЊЕ

Статутот на ЕОИ ЕИИК детално го опишува неговото управување и аранжманите за финансирање. Со ЕОИ ЕИИК управува Генерално собрание кое назначува директор. Членови на Генералното собрание се националните претставници.

Сегашен претседател на Генералното собрание е професорот Мајкл Брин од колеџот „Безгрешната Марија" одУниверзитет во Лимерик (Michael Breen, Mary Immaculate College, University of Limerick), Ирска. Заменик-претседател е професор Алгис Крупавичиус од Универзитетот Витаутас Магнус во Каунас (Algis Krupavičius, Vytautas Magnus University in Kaunas), Литванија.

Седиштето на ЕОИ ЕИИК (HQ) е во рамки на Факултетот за уметности и општествени науки, во Сити, Универзитет во Лондон (School of Arts and Social Science, at City, University of London). Тоа е првиот ЕИИК, што е сместен во Обединетото Кралство.

Директорот, д-р Рори Фицџералд (Rory Fitzgerald) и неговиот тим во ЕОИ ЕИИК HQ, Сити, Универзитет во Лондон, се поддржани во дизајнирањето и спроведувањето на работата во рамки на програмата ЕОИ ЕИИК од шест други институции кои заедно го сочинуваат Главниот научен тим (ГНТ) (Core Scientific Team- CST). Овие институции се:

- ГЕСИС - Институт за општествени науки во Лајбниц (Германија)
- Католичкиот универзитет во Лувен (Белгија)
- НСД - Норвешки центар за податоци од истражувања (Норвешка)
- SCP - Холандски институт за општествени истражувања (Холандија)
- Универзитат Помпеу Фабра (Шпанија)
- Универзитет во Љубљана (Словенија)

Замениците директори се вработени во четири институции:

- Заменик директор на Централното седиште: д-р Ерик Харисон, ESS ERIC HQ, Сити, Универзитет во Лондон
- Заменик директор за наука: д-р Анџелика Шојер, ГЕСИС, Манхајм, Германија
- Заменик директор за методологија: д-р Инеке Ступ, SCP, Хаг, Холандија
- Заменик директор за стратегија: Бјерн Хенриксен, NSD, Берген, Норвешка

Генералното собрание назначува независен Претседавач (кој не може да биде претставник од земја членка) и чиј мандат е четири години, со можност да биде повторно избран. Заменик-Претседавачот е од редот на националните претставници кои присуствуваат на Генералното собрание и е назначен за период од четири години.

Генералното собрание се состанува најмалку два пати годишно и има три постојани комитети: Советодавен одбор за наука – СОН, Советодавен одбор за методологија – СОМ и Финансиски комитет – ФИНКОМ.

Домаќин е Сити (City) универзитетот во Лондон, по почетниот краток период кога оваа функција ја имаше NatCen Social Research од Обединетото Кралство. Статусот „домаќин" периодично, на секои четири години, се разгледува од Генералното собрание.

Директорот на ЕОИ ЕИИК, исто така, свикува Национален форум за координатори (НФК), на кој присуствуваат национални координатори назначени од членовите и набљудувачите во ЕОИ ЕИИК, заедно со Главниот научен тим.

ЕОИ ЕИИК е потписник на Декларацијата за етика на Меѓународниот статистички институт (МСИ), што значи дека агенциите за истражување кои вршат собирање на податоци, имаат обврска да ја почитуваат оваа Декларација, паралелно со сите постоечки национални обврски.

# ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Како што е наведено во статутите на ЕОИ ЕИИК, секоја земја мора да назначи национален претставник кој ќе учествува во работата на Генералното собрание. Избраниот национален претставник треба да ги има сите овластувањаза да гласа за сите прашања за кои ќе одлучува Генералното собрание.

Секоја земја мора да назначи и Национален координатор. Клучната улога на националниот координатор е да ги координира активностите на ЕОИ ЕИИК на национално ниво и да се увери дека се работи во согласност со спецификациите издадени од Директорот, кога тоа е потребно. Националниот координатор, исто така, треба да придонесува во дискусијата во врска со методологијата на ЕОИ и дизајнот на прашалникот.

Националниот координатор ја има целосната одговорност во реализацијата на теренската работа во истражувањето. Ова може да биде доверено на кој и да е извршител, но целокупната одговорност за теренската работа е кај Националниот координатор.

# ЗЕМЈИ УЧЕСНИЧКИ ВО ЕОИ

**Циклуси 1-8**

**Учество во 8 брана**

1 Белгија
2 Финска
3 Франција
4 Германија
5 Унгарија
6 Ирска
7 Холандија
8 Норвешка
9 Полска
10 Португалија
11 Словенија
12 Шпанија
13 Шведска
14 Швајцарија
15 Обединето Кралство

**Учество во 7 брана**

16 Австрија
17 Република Чешка
18 Данска

**Учество во 6 брана**

20 Израел
21 Словачка

**Учество во 5 брана**

22 Литванија
23 Русија
24 Украина

Учество во 8 брана

25 Бугарија
26 Кипар
27 Грција
28 Италија

**Учество во 3 брана**

29 Исланд
30 Латвија

**Учество во 2 брана**

31 Хрватска
32 Луксембург
33 Романија
34 Турција

**Учество во 1 бран**

35 Албанија
36 Косово





# ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКОТО ОПШТЕСТВЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЕИИК И ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

## СТАТУС НА ЧЛЕНКИТЕ НА ЕОИ ЕИИК

Земјите кои се поврзани со ЕОИ ЕИИК се дефинирани во три категории: членови, набљудувачи и гости.

Членовите имаат целосно право на глас во Генералното собрание и се законски одговорни за ЕИИК. Тие имаат долгорочна посветеност кон ЕОИ ЕИИК, но можат да се повлечат од членството на период од двегодини, за што го известуваат Генералното собрание, а известувањето мора да се достави пред крајот на двогодишниот циклус на конкретното истражување.

Набљудувачите се примени во ЕОИ ЕИИКза период од четири години, но немаат право на глас и не се правно одговорни за ЕОИ ЕИИК. За да останат набљудувачи, тие мора да поднесат барање до Генералното собрание за продолжување на статусот.

Гостите се примаат во ЕОИ ЕИИК за двегодишен (циклус на едно истражување) период. Како и набљудувачите, тие немаат право на глас и не се правно одговорни за ЕИИК.

Придобивките од приклучувањето кон ЕОИ ЕИИК се повеќекратни. Секоја земја добива целосна поддршка од Главниот научен тим (ГНТ), кој работи од седум земји низ Европа, во подготовките за теренска работа, како и во обезбедувањето помош при собирање податоци. Покрај тоа, ГНТ помага да се провери квалитетот на податоците, како и внимателно да се состави единствена меѓународна датотека со податоци и да се обработат податоците за идна употреба.

Научниците ширум Европа учествуваат во советодавните одбори за Наука и за Методологија, и во Форумот на национални координатори, и на тој начин сите даваат активен придонес во тековниот развој на инфраструктурата, што доведува до високо квалитетен дизајн опишан во поглавје 5 и до достапни податоци и наоди, што исто така е опишано во овој проспект.

## ТРОШОЦИ ЗА ТЕРЕНСКА РАБОТА, НАЦИОНАЛНА КООРДИНАЦИЈА И ПРИДОНЕС НА ЗЕМЈАТА

Од сите членови, набљудувачи и гости, се бара да ги спроведат двогодишните истражувања на ЕОИ на свој трошок, во согласност со спецификациите на ЕОИ дистрибуирани за секој одделен циклус или бран. Националниот координатор е клучен информатор за овие трошоци.

Од сите земји учеснички, исто така, се бара да придонесат за централните трошоци за координација на ЕОИ ЕИИК. Овој придонес е составен од минимален придонес за сите земји, а - за побогатите земји има дополнителен износ, пресметан во однос на БДП на секоја земја. Освен ова, значителен финансиски дополнителен придонес дава земјата домаќин, Обединетото Кралство.

Централниот буџет за работната програма ЕОИ во текот на 9-от бран ќе биде 2.538.405 евра за финансиската година 2017-2018 и 2.563.789 евра во 2018-2019 година.

Табелата десно ги претставува придонесите на земјите членки и набљудувачи кои учествуваат во деветиот бран (2017-2019) и во десетиот бран. (2019-2021)

| Гости | 2017-2018 (€) | 2018-2019 (€) | 2019-2020 (€) | 2020-2021 (€) |
|---|---|---|---|---|
| Обединето Кралство | 764.909 | 764.909 | 764.909 | 764.909 |
| Австрија | 61.447 | 62.204 | 62.968 | 63.741 |
| Белгија | 69.831 | 70.749 | 71.675 | 72.611 |
| Република Чешка | 41.033 | 41.399 | 41.770 | 42.144 |
| Естонија | 21.855 | 21.855 | 21.855 | 21.855 |
| Финска | 46.509 | 46.981 | 47.457 | 47.938 |
| Франција | 278.671 | 283.581 | 288.541 | 293.551 |
| Германија | 371.913 | 378.607 | 385.368 | 392.197 |
| Унгарија | 21.855 | 21.855 | 21.855 | 21.855 |
| Ирска | 46.664 | 47.138 | 47.617 | 48.101 |
| Грција | 216.120 | 219.834 | 223.586 | 227.376 |
| Литванија | 21.855 | 21.855 | 21.855 | 21.855 |
| Холандија | 101.340 | 102.859 | 104.395 | 105.945 |
| Норвешка | 66.671 | 67.528 | 68.393 | 69.268 |
| Полска | 71.089 | 72.031 | 72.981 | 73.942 |
| Португалија | 42.712 | 43.110 | 43.513 | 43.920 |
| Словенија | 21.855 | 21.855 | 21.855 | 21.855 |
| Шведска | 74.328 | 75.332 | 76.345 | 77.369 |
| Швајцарија | 87.386 | 88.639 | 89.905 | 91.183 |
| Гости | 110.365 | 111.469 | 112.584 | 113.710 |
| **Вкупно** | **2.538.405** | **2.563.789** | **2.589.427** | **2.615.321** |

Земјите гости треба да придонесат исто како да се членки и затоа нема финансиска корист да се биде земја гостин. Збирниот приход на земјите гости придонесува за централниот буџет. Гостинскиот статус им овозможува на земјите да се приклучат во еден круг и да стекнат корист од таквото искуството, што идеално би довело до идно членство.

Средствата се користат и за промовирање на употребата на податоците, како и за обезбедување дека ЕОИ ќе остане во првите редови на методолошкиот развој.



# ПОСТАПКИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА УЧЕСТВО

Земјата која се пријавува за учество во ЕОИ ЕИИК, треба пријавата за членство да ја поднесе во писмена форма до Претседавачот на Генералното собрание, како и до Директорот.

Во писмото, потенцијалните нови членови, треба да објаснат како планираат да придонесат во остварувањето на целите и активностите опишани во член 2 и како ќе ги исполнат обврските кои произлегуваат од нивното учество.

Барателите мора да објаснат како ќе го исполнат барањето за спроведување на истражувањето во нивната земја на свој трошок и како ќе ги исполнат спецификациите утврдени од Директорот и договорени од Генералното собрание. Соодветниот формулар може да се обезбеди од канцеларијата на Директорот.

Откако ќе се добие писмо од земјата барател, Генералното собрание преку гласање со просто мнозинство ќе одлучи дали новата земја може да биде вклучена. Секое барање мора да биде одобрено од соодветното министерство на Владата на земјата. Сепак, понекогаш и приватни претпријатија можат да финансираат учество на земји со статус на гости.

Постапката за пријавување за учество со статус на гостин е слична и е опишана во документ што е достапен на барање.

# КОНТРОЛА НА СМЕТКИТЕ НА ЕОИ ЕИИК

Сметките на ЕОИ ЕИИК се ревидираат професионално и независно.

**„Според наше мислење, финансиските извештаи праведно ја претставуваат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Конзорциумот на 31.05.2015 година, и неговото финансиско работење за годината завршува во согласност со Стандардот за финансиско известување за помалите субјекти. (стапува на сила во април 2015 година).“**

**Извештај за наодите од ревизијата**
Грант Торнтон LLP во Обединетото Кралство, 21 декември 2015 година

**Сметка на приходи и расходи за годината што завршува на 31 мај 2015 година**

| | Од 1 јуни 2014 година до 31 мај 2015 година € | Од 1 јуни 2014 година до 31 мај 2015 година € Обновено* |
|---|---|---|
| **ПРИХОД** | 2,714,720 | 1,171,275 |
| Директни трошоци | (2,696,973) | (1,161,917) |
| **БРУТО ВИШОК** | 17,1747 | 9,358 |
| Административни трошоци | (17,747) | (9,358) |
| **РЕЗУЛТАТ ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА** | - | - |

**БИЛАНСНА ЛИСТАЗА 31 МАЈ 2015 Г.**

| | 2015 € | 2015 € | 2014 € | 2014 € Обновено* |
|---|---|---|---|---|
| **АКТУЕЛНИ СРЕДСТВА** | | | | |
| Должници | 22,581 | | 619,091 | |
| Готовина во банка | 3,024,895 | | 1,233,288 | |
| | 3,047,476 | | 1,852,379 | |
| КРЕДИТОРИ: износи што доспеваат во рок од една година | (3,047,476) | | (1,852,379) | |
| НЕТО АКТУЕЛНИ СРЕДСТВА | | - | | - |
| НЕТО РЕЗЕРВНИ СРЕДСТВА | | - | | - |
| Акумулиран резултат | | - | | - |
| Сметка на приходи и расходи | | - | | - |
| ВКУПНИ РЕЗЕРВИ | | - | | - |

# ДВОГОДИШНО МЕЃУНАРОДНО ОПШТЕСТВЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ СО ВИСОК КВАЛИТЕТ

## МЕТОДОЛОШКА ПРЕЦИЗНОСТ И КВАЛИТЕТ

Со споделување на централните трошоци за координирање на ЕОИ и покривање само на сопствените национални трошоци, секој учесник во ЕОИ ЕИИК добива пристап до високо квалитетни споредливи податоци што помага да се обезбеди поширок или поточно европски контекст на сопствените национални податоци.




Висококвалитетната методологија и собирањето податоци го прави ЕОИ поскапо од некои помалку прецизни истражувања. Постојат низа од причини што ја оправдуваат оваа инвестиција:

1. За да се направат споредби помеѓу земјите, потребно е да се дизајнира и спроведе истражување на истоветен начин. Во спротивно, разликите меѓу земјите може да се последица на методолошки, а не на реални, суштински разлики.

2. Бидејќи помалку научни, но поевтини методи честопати се користат од страна на општествените научници, потребно е да се имаат високо квалитетни податоци за репер. ЕОИ ја игра таа улога за научниците од општествените наукиза кои претставува златен стандарден извор на податоци. ЕОИ не е анкета за јавно мислење спроведена со употреба на ненаучни методи во краток временски период и не треба да се споредува со вакви анкети во однос на трошоците или методите.

3. Алтернативите на податоци од анкетни истражувања, како на пример административни податоци, финансиски податоци, или податоци од социјалните медиуми, не можат да бидат прилагодени на теоретските истражувачки прашања и на тој начин ја ограничуваат академската прецизност на секоја анализа.

4. Алтернативите на податоците од анкетните истражувања, посочени во претходната точка ретко се достапни во иста мера или формат во меѓународни истражувања, а ова во голема мера ја спречува можноста за споредбена анализа. Исто така, има само малку извори на алтернативни податоци кои ги покриваат истражувачките цели на ЕОИ.

Затоа ЕОИ ги користи и ги развива најдобрите практики и научно осмислени методи кои се потребни за да се произведат висококвалитетни резултати на кои се потпираат научниците во општествените науки.

Прашалниците на секој бран од истражувањето опфаќаат низа теми кои се однесуваат на клучните прашања со кои се соочува современаЕвропа. Одговарањето на прашалникот трае во просек еден час, кога се работи за неговата верзија на англиски јазик, а за некои други јазични верзии и подолго. Од 9. бран, сите земји се должни анкетата да ја реализираат со помош на компјутерски потпомогнато лично интервјуирање (КПЛИ). Не се дозволени други начини за собирање податоци бидејќи мешањето на начините на собирање податоци може сериозно да ја наруши споредливоста меѓу земјите, како и меѓу одделните бранови на истражувања.

Развиен од водечки европски специјалисти, прашалникот ги комбинира постојаноста и промените преку постојан основен модул и серија ротирачки модули - избрани преку сеевропски натпревар.

### Основен модул:

ЕОИ првенствено беше дизајнирано како анкетно истражување, кое преку периодични повторувања, низ времето ќе ги набљудува промените на ставовите и вредностите низ цела Европа. Оттука, секогаш прашалникот содржи основен модул, кој е составен од серија прашања

кои мерат низа теми од траен интерес за општествените науки, како и од најсеопфатна низа на општествено-структурни („заднински“) варијабли на кое било меѓународно општо општествено истражување. Точниот број на прашања може да се менува од бран во бран, но секое прашање има единствено име, со што се помага идентификувањето на податоците, особено кога разни корисници треба да ги анализираат податоците добиени со текот на времето.

## Ротирачки модули:

Во секој круг на ЕОИ, се бираат и меѓународни тимови на истражувачи за да придонесат за дизајнирање на два ротирачки модула во прашалникот. Ротирачките модули се избираат преку Повик за предлози објавен во Службениот весник на Европската унија (СВЕУ) кој е широко распространет. Оние кои ќе се пријават на Повикот, може да пријават „нови“ модули, а од 2010 година, може да пријават барање и за „повторување“ на модули. Дизајнот и пред-тестирањето на модулите е интензивно и се одвива во период од 19 месеци.

За 9.бран на ЕОИ (2018), избрани се два модула. „Животни циклуси“е повторен модул кој ги истражува перцепциите за животниот тек и ставовите кон клучните моменти во животот. Овој модел вклучува дизајн кој овозможува разликите во ставовите да се анализираат според полот. Овој модел првпат е применет во 3.бран (2006), а успешната апликација за негово повторување ја водеше главниот апликант: професорот Франческо Билари (Francesco Billari), универзитетот Бокони(Bocconi), Милано, Италија.

„Правдата и правичноста во Европа“ е реакција на бележитиот раст на нееднаквоста во последните децении со испитување на повеќе димензии на правдата, како и со правење разлика меѓу: дистрибутивна и процедурална правда; рефлексивни и нерефлексивни проценки на правдата; и обемот и времето на правдата. Новиот модул ќе ја разгледа правдата и правичноста во контекст на приходите на испитаниците за да помогне да се утврди како Европа се справува со растечката нееднаквост. Овој модел за првпат ќе биде вклучен како резултат на пријавата предводена од професорот Стефан Либиг (Stefan Liebig) од Катедрата за социологија на универзитетот Билефелд (Bilefeld) во Германија.

Ротирачките модули сега се предмет на стручен преглед, со придонес од националните тимови, со когнитивно анкетирањево повеќе земји, со фази на квантитативно пред-тестирање и напреден превод.



> „Новиот модул во 9.бран ќе ги разгледа правдата и правичноста во контекст на приходите на испитаниците за да помогне да се утврди како Европа се справува со растечката нееднаквост.“

## ТЕСТИРАЊЕ НА ПРАШАЛНИКОТ

ЕОИ вклучува збир на експерименти во секој бран за да се процени релијабилноста и валидноста на прашањата за ЕОИ. Овие експерименти со мерење на повеќе карактеристики преку повеќе методи се исто така користени за пополнување на базата на податоци: „Предвидување за квалитетот на анкетата" (Survey Quality Predictor - SQP) што им помага на дизајнерите на прашалници да ја предвидат релијабилноста и валидноста на нацрт-прашалниците пред да ги користат.

## ПРЕВОД

Во меѓународно истражување во кое собирањето податоци се одвива на различни јазици, од витално значење е преводот да се изврши со највисок можен квалитет.

Зборовите и фразите како што се „демократија", „социјален живот" или „обединување" можат да значат различни работи за различни луѓе во различно време во различни земји. ЕОИ го обезбедува својот изворен прашалник (на англиски јазик) и се обидува да обезбеди дека преводите го пренесуваат истото значење и може да се користат во сите земји.

ЕОИ користи тимски пристап во преведувањето, што вклучува неколку фази на преглед, оценка, пред-тестирање и документирање. За да се осигури дека анкетата е целосно репрезентативна за која било земја, прашалникот е преведен на секој јазик што е зборуван како прв јазик, од повеќе од пет проценти од населението на секоја земја.

ЕОИ се обидува да постигне принцип на еквивалентност во однос на сите преводи. Постапките за превод на ЕОИ се одредени од барањата наведени во Спецификацијата за земјите учеснички и се темелат на следниве клучни принципи:

- Изворниот или основниот Прашалник на ЕОИ е дизајниран на британски англиски јазик, имајќи предвид дека тоа е верзијата што ќе се преведува. Секој национален тим ќе го преведе овој прашалник на еден или повеќе целни јазици.
- ЕОИ ја следи методологијата TRAPD - превод, преглед, оцена, пред-тестирање и документирање.
- На сите национални тимови им се дадени детални упатства за превод и листа за проверка на квалитетот на преводот, која ги опишува постапките што треба да се следат
- После преводот, следува избор на ставки, што е предмет на два иновативни дополнителни чекори - проверка и кодирање на предвидувањето на квалитетот на истражувањето (ПКИ). Сите преведени прашалници мора да бидат претходно тестирани по завршувањето на проверката и кодирањето на ПКИ.

Процесот на превод на ЕОИ го надгледува тим за превод на ЕОИ, потпомогнат од стручен панел за превод – СПП. Улогата на панелот е да го советува ЕОИ за прашања поврзани со преводот. Ова се однесува и на општите стратегии за превод на ЕОИ и на специфични прашања каде што тимот за превод на ЕОИ и / или Главниот научен тим на ЕОИ бараат надворешна експертиза. Панелот одржува состаноци, вообичаено еднаш во секој бран на ЕОИ, и обезбедува стручна помош, кога е потребно.





„ЕОИ користи тимски пристап кон преводот што вклучува неколку фази на преглед, оценка, пред-тестирање и документирање."



„ Европското општествено истражување, ако се работи за некомерцијална употреба, ги прави своите податоци слободно достапни за сите.“

## ПРИМЕРОК

Целта на стратегијата во одредувањето на примерокот за ЕОИ е дизајнирање и имплементација на изводливи и еквивалентни планови за изработка на примерок во сите земји учеснички. Одредувањето примероци во ЕОИ се води според барањата наведени во Спецификацијата за земјите учеснички и следниве клучни принципи:

- Примероците мора да бидат репрезентативни за сите лица на возраст од 15 години и повеќе (без горна граница) кои живеат во приватни домаќинства во секоја земја, без оглед на нивната националност, државјанство или јазик
- Поединците се избираат со строго рандомизирани методи на веројатност во секоја фаза
- За изработка на примерок може да се користат популациони рамки од поединци, домаќинства и адреси
- Сите земји мора да се стремат кон минимална „ефективно постигната големина на примерок“ од 1.500, или 800 во земјите со ЕОИ популација помала од 2 милиони, по дизајнирањето на примерокот
- Квотен примерок не е дозволен во ниту една фаза
- Замена на домаќинства или индивидуи кои не одговараат (без оглед дали се работи за „одбивања“, „неможност од контакт“ или „не ги исполнуваат условите“) не е дозволена во ниту една фаза

Секој национален координативен тим е одговорен за идентификување (или генерирање) на соодветна рамка за одредување примерок и изработка на дизајнот на примерокот погоден за имплементација во земјата. Националниот тим во оваа задача е поддржан од член на Панелот на експерти за примерок и пондерирање на примерок од ЕОИ, кој е назначен за оваа задача.

## ОБУКА ЗА АНКЕТАРИ

Анкетарите на ЕОИ мора да бидат обучени (за специфичните задачи) и да бидат информирани (за задачите на проектот). Главниот научен тим  обезбедува серија на претходно структурирани слајдови и сродни материјали што ќе се користат како основа за обуките.

Информирањето е различно од обуката затоа што е специфично за проектот, односно го опишува самиот проект прашалникот на ЕОИ и правилата на ЕОИ. Сите анкетари мора лично да бидат информираниод Националниот тим и координатор или од Агенцијата која ќе го реализира истражувањето, секако откако ќе бидат ангажирани за анкетирање, но пред да почнат со анкетирањето. Ваквиот брифинг мора детално да опфати како да се кодираат податоците, како да се следат процедурите за контакт и да се пополнат формуларите за контакт и како да се следат постапките за избор на испитаниците (доколку е применливо).

## БЕЛЕЖЕЊЕ НА МЕДИУМСКИТЕ ИЗВЕСТУВАЊА

Разни настаните можат во голема мера да влијаат на ставовите и перцепциите на луѓето на краток, но и на долг рок.  На пример, некој терористички чин, може да го смени контекстот на одговорите на луѓето на низа прашања што можат да влијаат на одговорите од различни земји.

Националните координатори на ЕОИ ги следат и забележуваат политичките тврдења што се присутни во клучните медиумски извештаи во секоја земја во времето кога се преземаат теренските работи. Ова помага да се осигури дека сегашните и идните аналитичари на податоци можат да бидат свесни за националниот контекст во кој биле одговорени прашањата. Ова е особено важно ако националните настани во времето кога се анкетирало имале привремен ефект врз дадените одговори.



## ПОДГОТОВКА НА ПОДАТОЦИ И ДЕПОНИРАЊЕ

ЕОИ како единствен извор на квантитативни податоци за стабилноста, а и за промената на ставовите, кај европските граѓани, своите податоци за сите ги прави слободно достапни за некомерцијална употреба.

Пристапот до збирките на податоци од ЕОИ (секоја збирка опфаќа над 20 земји, вклучувајќи повеќе од 350.000 лице-в-лице интервјуа низ цела Европа) е достапен преку мрежната страницата за податоци на ЕОИ. Оваа страна е едноставна и на корисниците на податоци им нуди опции за спроведување едноставни анализи он-лајн или преземање на сите или делови од базата на податоци за подетални или посложени анализи.

Периодот на теренско собирање на податоци во ЕОИ трае најмалку еден месец, во период од четири месеци работа, вообичаено меѓу септември и декември во календарската година. Националниот координативен тим е одговорен во однос на теренската работа, како и за депонирањена своите податоци во архивата на податоците на ЕОИ, откако ќе бидат завршени теренските работи.

Нема ограничувања за пристап, ниту какви било привилегирани аранжмани за одредени корисници. Значи, научниците, новинарите, истражувачите, пошироката јавност и оние кои се лично вклучени во водењето на проектот, сите имаат еднаков и истовремен пристап до наодите на секој бран. Покрај тоа, тие имаат пристап до сеопфатен технички извештај и придружни податоци што ги опишуваат и објаснуваат сите аспекти на проектот. Сепак, комерцијалната употреба на податоците генерално не е дозволена.

# ПОВЕЌЕНАМЕНСКА АЛАТКА ЗА АКАДЕМСКИ ИСТРАЖУВАЊА, ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Во време кога речиси целиот живот во основа зависи од податоците, описменувањето во употребата на податоци на следните генерации е поважно од кога било досега. Оттука, податоците од ЕОИ се важна алатка за образование на идните истражувачи од општествените науки. Со користење на податоци од ЕОИ, помладите истражувачи можат да се стекнат со аналитички и комуникациски вештини кои се од витално значење за кариерите во голем број индустрии. Повеќекратните меѓусекторски анкетни истражувања, како што е ЕОИ, им овозможуваат податоци на идните креатори на политики, кои се неопходни за развој на вештини, потребни за подобро разбирање на општеството во корист на сите.

Во земјите без развиена инфраструктура на податоци, ЕОИ обезбедува национално значаен и споредлив извор на податоци, што привлекува илјадници корисници од цела Европа. Додека некои од корисниците се посветуваат на општествените науки, многу други ги користат овие вештини за податоци во други области и кариери. ЕОИ обезбедува алатка за обука на вештини за податоци за да помогне следните генерации да бидат описменети и подготвени за периодот кој во се поголема мера ќе зависи од обработка и анализа на податоци.

## *ЕОИ ЕДУНЕТ ЗА Е-УЧЕЊЕ*

Мрежно базирано упатство за обука, ЕОИ EduNet е достапно за да им помогне на корисниците да ги користат податоците на поаналитичен начин од едноставната дескриптивна статистика.

Алатката за е-учење е специјално развиена за употреба во високото образование. Таа дава практични примери и вежби дизајнирани да ги водат корисниците низ процесот на истражување, од теоретски проблем до толкување на статистичките резултати.

***EduNet*** е создаден за да имплементира лабораторија за општествени науки каде што теоретските прашања можат да се истражуваат со користење на емпириски податоци со висок квалитет.

Постојат неколку теми на располагање, кои опфаќаат грешки во мерењето; модели на повеќе нивоа; имиграција; пондерирање во ЕОИ; благосостојба; семејство, пол и работа; регресија; човечки вредности; социјална и политичка доверба и моделирање на латентни варијабли. Придружните податоци се извадоци од ЕОИ, кои се достапни за *онлајн* анализа или преземање. Овие извадоци се особено подготвени за наведените теми.

Алатката вклучува анимирани видеа кои интерактивно одговараат на најчесто поставуваните прашања.

## КУРСЕВИ ЗА ОБУКА

Курсевите за обука на ЕОИ се фокусираат на клучните аспекти на работниот циклус на истражувањето од компаративна, меѓународна перспектива. Специфичната цел е да ги опреми истражувачите со вештини и знаења што им се потребни за да се подобри прецизноста, точноста и истоветноста на истражувањето кое споредува повеќе земји во европски контекст.

Сесиите за обука се нудат лично или преку Интернет и се однесуваат на дизајнирање на анкетен прашалник, превод, прибирање одговори, методологија и пондерирање. Обуките ги водат експерти од областа на општествените науки, лице в лице или преку веб-страницата на ЕОИ. Во моментов ЕОИ ЕИИК обезбедува курсеви во соработка со други научни инфраструктури од општествените науки преку грантот H2020 SERISS (видете на **www.seriss.eu**).

## СТАТИСТИКА ЗА РЕГИСТРИРАНИ КОРИСНИЦИ

ЕОИ ЕИИК е најголема европска база која нуди пристап до постојано растечко мноштво на податоци за ставовите и однесувањето на Европејците за општеството.

ЕОИ ЕИИК ја документира употребата на податоците од ЕОИ од почетокот, од првиот бран на ЕОИ во лансирањето на ESS бран 1 во 2002 година до денес. Се мерат две групи на корисници:

- „Регистрирани корисници" - регистрирани на мрежната-страница на ЕОИ и со тоа ги исполнуваат условите за користење на податоците од ЕОИ
- „Корисници кои преземаат податоци од ЕОИ" - регистрирани корисници кои преземале податоци од ЕОИ барем еднаш

Регистрирани се 104.729 корисници на податоци од ЕОИ, а податоците од ЕОИ се преземени 72.920 пати, заклучно со март 2017 година.

Регистрираните корисници и корисниците кои ги преземаат податоците од ЕОИ се поделени според земја, според тип на корисник (членови на факултет, студенти итн.) испоред тип на податок (круг на ESS,

**СЛ. 1** **Регистрирани корисници на ЕОИ од јануари 2005 година**




**СЛ. 2** **Корисници кои преземаат податоци, според години**




кумулативни податоци и податоци на повеќе нивоа). Дополнителни информации може да се најдат на веб-страницата на ЕОИ ЕИИК.

Користењето или преземањето на податоците е дел од објавување на 3.140 написи во академски списанија, книги, поглавја, конференциски трудови или работни трудови на англиски јазик, од 2003 до 2015 година. Ова вклучува 1.439 статии за списанија, 618 конференциски трудови, 493 книги и поглавја и уште 415 работни трудови. Од 3.140 публикации, 2.615 користат податоци за одделни теми, а 525 се од методолошка природа.

# ЕОИ БИБЛИОГРАФИЈА

Библиографијата на ЕОИ е достапна на Интернет и содржи информации за многу публикации засновани на меѓународното европско општествено истражување. Ова вклучува анализа на податоците од ЕОИ, истражување и описи на методологија на ЕОИ и документација на ЕОИ.

За наведените академски текстови, Библиографијата ги обезбедува сите детали за објавувањето, вклучувајќи наслов, година на објавување, автор-и и издавач. Библиографијата им овозможува на корисниците да откријат дали авторот-те користел-е податоци од ЕОИ во други публикации или да ја бара книгата преку Интернет.

Вкупниот број на академски публикации базирани на ЕОИ продолжува да расте, како резултат на содржината на прашалникот од ЕОИ, високите стандарди за квалитет, густи временски серии, отворен пристап и одлични мрежни алатки.

Интернет-библиографијата се обновува периодично за да се осигури дека повеќето академски публикации што користат податоци на ЕОИ се запишани и може да се пребаруваат за сите корисници на податоци.



# ПОДАТОЦИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА СО НЕОГРАНИЧЕН ПРИСТАП

## ПОДАТОЦИ ДОСТАПНИ БЕЗ ДОПОЛНИТЕЛНИ ТРОШОЦИ

Сите информации собрани од 2001 година се вклучени на Интернет. Секоја нова анкета во серијата обезбедува уште еден слој точни податоци за информирана академска дебата и информации потребни за управување на европските власти и на властите во европските земји.

ЕОИ им овозможува на владите, на политичките аналитичари, на научниците, студентите и членовите на јавноста да толкуваат како луѓето во различни земји и во различни периоди се гледаат себеси и светот околу нив.

Со цел размена на најдобри практики ширум светот, сите протоколи, методи, процедури и податоци од ЕОИ достапни се за сите на веб-страницата. Постои целосна отвореност.

Регистрираните корисници можат да преземаат групи на податоци или да ги анализираат информациите на Интернет. Користејќи онлајн алатка наречена Nesstar, може да се креира и презема прилагодена датотека со податоци во различни формати, за употреба во SPSS, Stata, SAS и други програми за статистичка анализа. Сепак, корисниците исто така можат да пребаруваат, да прелистуваат и да ги анализираат податоците преку Интернет, доколку одлучат да не ги преземат.

## КУМУЛАТИВНИ И ХАРМОНИЗИРАНИ ПОДАТОЦИ

Можноста „Збирни податоци“ („Cumulative Data Wizard“)за податоци од ЕОИ овозможува пристап до кумулативните податоци од земјите што биле вклучени во интегрираните датотеки на ЕОИ во два или повеќе брана.

Ова значи дека корисниците можат да генерираат и преземаат прилагодена подгрупа на кумулативната датотека од ЕОИ со избирање одделни бранови, земји и варијабли, односно прашања. Опис на студијата и документација на избраните варијабли се генерираат за секоја прилагодена датотека со податоци и се вклучени во преземањето.






# ПОВЕЌЕСЛОЈНИ И КОНТЕКСТУАЛНИ ПОДАТОЦИ

Целта на повеќеслојните податоци од ЕОИ е да и олесни на истражувачката заедница да го разбере контекстот во кој живееле испитаниците за време на анкетирањето. Тоа значи дека дополнителни податоци за ЕОИ, за земјите и за регионите во кои живеат испитаниците, може да се додадат на податоците добиени од ЕОИ.

Номенклатурата на територијални единици за статистика или Номенклатурата на единици за територијална статистика - НЕТС (Nomenclature of Units for Territorial Statistics -NUTS) е геокоден стандард за упатување на поделбите во земјите за статистички цели. Таа е развиена и регулирана од Европската унија и се однесува на Европската унија, Европската асоцијација за слободна трговија и земјите кандидати.

Преземањето од повеќе нивоа овозможува да се додадат информации за земјите и неколку регионални нивоа кон податоците за испитаниците од ЕОИ. Специфичната варијабла, која се однесува на некој регион во одредена земја, одлучува како е можно да се спојат контекстуалните податоци за регионите со индивидуално ниво на податоците од ЕОИ.

Контекстуалните варијабли се собираат за да се расветлат теми како што се:

- Демографија и географија
- Економија
- Здравје
- Образование
- Криминал
- Политички институции
- Композитни мерки

Повеќето варијабли се собираат неколку години. Повеќеслојните податоци на ЕОИ беа делумно финансирани од Декартовата наградата за истражување на ЕОИ во 2005 година.

# НАОДИ ОД ЕВРОПСКОТО ОПШТЕСТВЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ



## РОТИРАЧКИ МОДУЛИ НАСОЧЕНИ КОН КЛУЧНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ТЕМИ:

### ДЕМОКРАТИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Европските ставови кон демократијата беа дел од истражувањето на 6.бран (2012 година) и вклученоста на граѓаните беше испитана за време на 1.бран (2002 година). Двете теми се обработени како ротирачки модули.

**Д-р Моника Ферин, Универзитет во Цирих**

Ротирачкиот модул за Демократија во ЕОИ, бран 6, дава детален приказ на мислењата на испитаниците за: каква треба да биде демократијата, но и детален приказ на нивните мислења за: какви се всушност нивните демократски системи - или како тие функционираат. Ова е прашање од клучно значење, во светло на наводната криза за легитимитет во последните децении, со кое се соочуваат европските демократии. Бран 6 открива релевантни наоди во врска со ова.

Прво, постои силна посветеност кај граѓаните кон демократијата, независно од демократскиот квалитет на земјата во која живеат. Европејците не само што сметаат дека демократијата е добра работа сама по себе, туку тие ги ценат сите идеални карактеристики на демократијата, како што се слободата на изразување и отчетноста.

Второ, меѓу Европејците постои заедничко разбирање за тоа што е од суштинско

значење за демократијата: еднаквост пред законот и слободни и фер избори се двете суштински карактеристики на демократијата за повеќето луѓе во сите европски земји. Згора на тоа, некои Европејци додаваат долг список на прашања и бараат поголемо внимание во однос на демократијата (политичарите да посветуваат поголемо внимание на потребите на граѓаните, да се зголеми учеството на граѓаните во донесувањето одлуки, итн.). Се покажува дека граѓаните кои имаат најголеми барања живеат во земји каде квалитетот на демократијата е понизок од европскиот просек.

Трето, постои голема празнина помеѓу она што Европејците го очекуваат од демократијата, како идеал, и она што го добиваат од нивните демократски системи во пракса. Иако евалуациите на граѓаните варираат, од аспект на димензиите на демократијата и од земја до земја, сите демократии се под идеалите на граѓаните. Ова е особено случај во однос на резултатите од демократијата (општествена еднаквост и заштита од сиромаштија), каде што јазот е најалармантен. 6. бран обезбедува моќна алатка за политичарите да разберат од што не се задоволни граѓаните во нивните демократски земји и да ги знаат изворите на разочарување.

Бранот 6, исто така,е корисен за да се идентификуваат потенцијалните недостатоци од вклученоста на граѓаните, бидејќи откриваме дека лошите проценки за демократските резултати се поврзани со неучество во гласање. Навистина, кај оние кои не гласаат, проценките за различните аспекти на демократијата се значително полоши отколку кај гласачите. Ова откритие има важни импликации за проучување на вклученоста на граѓаните. Се добива дополнително објаснување зошто луѓето апстинираат од гласање што може да ги предупреди европските влади: долгорочното незадоволство од демократијата не само што може да ја загрози демократската поддршка во една земја, туку - бидејќи е поостро кај оние кои не гласаат - може исто така да го доведе во опасност легитимитетот на одлуките донесени од политичките претставници.

# СЕМЕЈСТВО, РАБОТА И БЛАГОСОСТОЈБА

Прашањата од истражувањето што се однесуваат на семејството, работата и благосостојбата беа вклучени во ротирачките модули за време на истражувањето на 2. бран (2004) и на 5. бран (2010).

**Професор Хелен Расел, Институт за економски и социјални истражувања, Даблин**

**Професор Данкан Гали, колеџ Нафилд, Универзитет во Оксфорд**

Економската криза поттикната од банкарската криза во 2008 година беше најтешка од 30-тите години на минатиот век. Првиот модул во ЕОИ, кој беше повторен во 5. бран (2010 година) беше заснован на низа од прашања кои беа првично поставени во 2. бран (2004 година), а се однесуваа на семејството, работата и благосостојбата. Ова обезбеди директна споредба помеѓу периодот пред кризата и периодот во кој повеќето земји излегоа од рецесијата.

Преку повторување на модулот се процениja импликациите врз секојдневното искуство на луѓето за квалитетот на нивните работни места, семејниот живот и личната благосостојба и за нивното чувство на посветеност кон институциите на нивното општество. Беше овозможена проценка дали искуството со кризата е слично низ цела Европа, или се разликува како резултат на сериозноста на кризата или степенот на заштита што ја нудат националните институционални системи. Клучните наоди се однесуваа на 19 земји за кои имаше достапни споредливи податоци за 2004 и за 2010 година, а таквите споредбени податоци беа објавени во пролетта 2012 година.
Наодите од Европското социјално истражување даваат доказ дека економската криза имала значителни ефекти врз квалитетот на работата. Тоа доведе до намалување на нивото на обука обезбедено од работодавачите, до промени во моделот на организација на работата во неколку од источноевропските земји, до повисоки нивоа на интензитет на работа и до поголема несигурност во работата. Во исто време, беше поткопана општетсвената интеграција преку негативните ефекти на работната несигурност врз посветеноста на младите за вработување и со поткопување на довербата на луѓето во политиката и нивното задоволство од демократијата.

Сепак, постоеше и бележита стабилност со текот на времето со многу разлики помеѓу земјите, а и меѓу одделни групи на земји. Најбележито, нордиските земји продолжија да се истакнуваат со далеку највисок квалитет на работа и најголема заштита од психолошки проблеми предизвикани од невработеноста. Јасно е дека институционалната рамка на земјите - особено нивните модели на регулација на вработувањето и природата на нивните социјални држави - игра важна улога во одредувањето на квалитетот на секојдневниот живот на луѓето.

Двата модули во ЕОИ ни овозможуваат да ги проучуваме ефектите од економската криза до 2010 година. Но, ова е далеку од крајот на приказната. Од 2011 година, Европа влезе во нова фаза на кризата - криза на задолжени земји. Ова веројатно предизвикува уште поголемо нарушување на работата на луѓето и на семејниот живот, особено во Јужна Европа. Ова можеше да доведе и до многу поголема поларизација помеѓу различните европски региони. Исто така, во многу земји, тоа беше фаза на кризата што се карактеризираше со особено сериозно преструктуирање на јавниот сектор, што веројатно доведе до особено тешки последици врз жените.

Ќе биде од витално значење да се осигура дека ЕОИ продолжува да ги следи промените на моделот на работен живот во Европа и нивните импликации и за семејството и за пошироката заедница.

# СТАВОВИ КОН ИМИГРАЦИЈАТА

Прашањата од истражувањето за имиграцијата се вклучени во секој бран. Посеопфатен пакет прашања за имиграција исто така беа вклучени во ротирачките модули, распоредени во 1.бран (2002) и во 7.бран (2014).

**Професор Ентони Хит, Центар за социјални истражувања (ЦСИ), Универзитет во Оксфорд**

**Линдзи Ричардс, Центар за социјални истражувања (ЦСИ), Универзитет во Оксфорд**

Имиграцијата продолжува да биде едно од најактуелните и најгорливите политички прашања во Европа, со гласачи во многу земји, кои на ова гледаат како на важно прашање во политичката агенда, а новите „радикално десни“ политички партии (како што е „Фронт Национал“ во Франција) се фокусираат на противење на имиграција која се појавува во многу земји. Со континуираното високо ниво на миграција на работна сила во многу богати западноевропски земји, како и постојан притисок за прифаќање на баратели на азил од воените зони низ целиот свет, оваа тема веројатно нема да го изгуби своето политичко значење во догледно време.

Одговорите на владите кон имиграцијата и бегалската криза делумно се водени од јавното мислење и стравот дека гласачите ќе бидат или веќе биле разочарани од либералната имиграциска политика. Сепак, ставовите на јавноста имаат тенденција да бидат многу повеќе нијансирани отколку што тоа вообичаено се забележува. Во 7.бран на ЕОИ, на пример, се покажа дека европската јавност е понаклонета кон мигрантите со високи квалификации отколку кон мигрантите со ниски квалификации и со слабо образование, а клучните критериуми за прифаќање на мигрантите, јавноста ги гледаше во нивната подготвеност да го прифатат начинот на живот во земјата во која доаѓаат, способноста да го зборуваат јазикот на земјата, и работните вештини и квалификации.

Податоците од 7.бран на ЕОИ даваат уште еден предизвик за преовладувачките претпоставки за двигателите на анти-имигрантското расположение. Како што покажува следната табела, негативните ставови кон имиграцијата не се однесуваат директно на бројот на мигранти кои пристигнуваат во една земја. На пример, Исланд и Шведска имаат релативно високи стапки на нето миграција, но сепак двете земји се најповолни за имиграцијата.

Причините за анти-имигрантските чувства се посложени отколку што обично се претпоставува.

Податоците од 7.бран на ЕОИ, спроведени во 2014 година, ни овозможуваат да извршиме темелно испитување на двигателите на овие меѓу-национални разлики и на промените со текот на времето во анти-имигрантските чувства. На пример, тоа ни овозможува да ја споредиме важноста на конкуренцијата за работни места и домување со загриженоста за способноста на земјата да ги асимилира мигрантите од различните верски и културни традиции. Тоа би требало да фрли ново светло на топлината на дочекот за различни видови мигранти, како што се оние од муслиманските земји или оние кои се бегалци.

**СЛ. 3 „Начинот на живот“, јазикот и вештините се сметаат за поважни од религиозната, економската и расната припадност како критериуми за имиграција**




Прашање: Ве молам, кажете ми што мислите,колку важна треба да биде секоја од овие работи во одлучувањето дали некој што е роден, израснат и живее надвор од [земја] треба да може да дојде и да живее тука.

Вклучува: Австрија, Белгија, Швајцарија, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Обединето Кралство, Унгарија, Ирска, Израел, Литванија, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Шведска и Словенија.

ЕОИбран7 (20014/15); вклучено е пондерирање на дизајнираниот примерок; N=42,000

**СЛ. 4 Нето стапките на миграција не одговараат на ставовите кон имиграцијата (земјите се наредени од позитивни ставови (Шведска) до негативни (Чешка)**




Прашање: Дали [земјата] стана полошо или подобро место за живеење од страна на луѓето кои доаѓаат да живеат тука од други земји? 0-10 повисоки оценки за подобро место.

Нето стапките на миграција се на илјада жители во 2015 година. Извор: Светска книга на факти на ЦИА

Само ЕОИ бран 7 (2014/15)

# ОПШТЕСТВЕНИ НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВСТВОТО

Со ротирачки модул во 7.бран (2014) беа собрани податоци за здравствените нееднаквости низ цела Европа.

**Д-р Тим Хјуитс, Кралицата Мери, Универзитет во Лондон**

Во 2005 година Светската здравствена организација формираше „Комисија за општествени детерминанти на здравјето“ која систематски го испитуваше придонесот на општествените детерминанти во здравствените нееднаквости во одделна земја, но и меѓу земјите. Од објавувањето на неговиот последен извештај во 2008 година, разни национални влади нарачаа слични извештаи (како што е Мармовиот преглед на здравствени нееднаквости во Англија), а исто така и Европската унија. Со ова општествените детерминанти на здравјето и на здравствените нееднаквости станаа сè повеќе признати како значајни за здравјето на населението.

Сепак, има малку сеопфатни паневропски податоци за општествените детерминанти на здравјето или за низа здравствени исходи. Основниот модул на ЕОИ содржи детални податоци за голем број општествени детерминантни варијабли (на пример: невработеност, професионален статус, семејна структура, димензии на социјален капитал, приход итн.),но малку за здравјето (освен чување на здравјето и ограничувачки хронични болести) и воопшто не опфаќа други клучни детерминанти (како што се стилови на живеење). Општо земено, општествените истражувања немаат богати информации за здравјето и начинот на живот, а здравствените истражувања немаат детални информации за општествената структура на општествата.

Со вклучување на ротирачки модул за општетсвените детерминанти на здравјето во ЕОИ го решивме овој проблем. Покрај мерките што веќе беа присутни во претходните бранови на ЕОИ, овој ротирачки модул вклучува прашања за хронични состојби, индекс на телесна тежина, до користење на здравствена заштита, ризично однесување, работни услови, домување, неплатена грижа и услови за детство. Ние веруваме дека ЕОИ сега може да стане клучен извор на податоци за здравство и здравствени детерминанти, за креаторите на политиките и истражувачите во рамките на компаративното истражување за здравјето.

Од европските влади сè повеќе е признаено дека оние интервенции кои позитивно ги менуваат општествените детерминанти можат да го подобрат здравјето и да ги намалат здравствените нееднаквости. Сепак, сите официјални извештаи го потенцираат недостатокот на докази за начините за подобрување на здравствените нееднаквости. Се разбира, еден начин да се направи ова е да се нарачатаат повеќе експериментални проценки на интервенциите. Друго е да се спроведат повеќе „природни експерименти“ на постојните политики и интервенции со споредување на различни земји.

Ротирачкиот модул за општествените детерминанти на здравјето и здравствените нееднаквости помогна да се постигне ова преку создавање и јавна достапност на сеопфатна и споредлива пан-европскабаза на податоци, која вклучува широк спектар на здравствени исходи. Потоа, може да се спореди влијанието на различните



аранжмани на европската политика (режими на политики) врз здравството и здравствените нееднаквости. Дополнително, бидејќи модулот вклучува низа валидирани исходи на ментално и физичко здравје, таквите споредби ќе бидат пообемни и поспецифични од претходните кои ги користеа ЕОИ податоците.

Покрај тоа, модулот ќе им помогне на истражувачите да го испитаат и споредат влијанието на општествените детерминанти на здравјето, со намера да го тестираат релативниот емпириски придонес на различните теории (културниот бихејвиоризам, материјалните и психосоцијалните) врз здравјето и здравствени нееднаквости и како ова може да варира во зависност од контекстот на земјата и политиката.

Претходно, ова не беше можно да се направи на сеевропско ниво. Утврдувањето кој од моделите е највлијателен врз различните здравствени резултати низ различни европски земји е важен сегмент и за развој на теоријата и за размислувањата за приоритетите на политичките активности за подобрување на здравјето на населението и / или за намалување на здравствените нееднаквости. Првичните резултати се достапни во Серијата за важни наоди - издание 6.

## СТАВОВИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ЕВРОПА НА ПРОМЕНИ

Ставовите за благосостојба низ цела Европа беа вклучени во истражувањето во 4. бран (2008) и тоа ќе се повтори и во 8.бран (2016). Некои прашања за социјална помош се вклучени во основниот модул.

**Професор Вим ван Оршот, Центар за социолошки истражувања, КУ Левен**

Во сите европски земји социјалната држава со своите социјални бенефиции и услуги стана значително оспорувана во изминатите децении. На пример, засилената меѓународна економска конкуренција се заканува на прераспределувачкиот капацитет на националните социјални држави, додека стареењето на населението, новите семејни аранжмани и зголемената флексибилност на пазарот на трудот ја соочуваат социјалната држава со нови социјални ризици за кои треба да се води грижа. Сепак, социјалната држава не е оспорена само од структурни промени, туку сè повеќе е изложена на повеќе идеолошки засновани обвинувања за поткопување на индивидуалната автономија и одговорност, за рушење на традиционалните социјални врски и за ослабување на приватните форми на солидарност и самопомош.

Како резултат, значителни реформи во социјалната помош се видливи во многу европски земји, иако тие честопати имаат различни форми и насоки во зависност од националните наследства и околности. Но, во сите случаи традиционалната солидарност, како на пример помеѓу постарите и помладите генерации, меѓу богатите и сиромашните, меѓу активните и неактивните луѓе се под притисок. За многумина, солидарноста меѓу староседелците и новодојдените се претвори во централно прашање на социјалната помош. Во суштина, кохезијата на европските општества, за која традиционалната социјална држава има придонесено толку многу, стана главна грижа.

Ставовите за благосостојба на европското население играат важна улога во отворањето или блокирањето на патот за предвидените мерки за реформа на социјалната помош, додека тие исто така силно влијаат на оштествената легитимност на преземените мерки. Оттука, важно е да се знае, не само каков е ставот на луѓето кон денешните дебати и политики за социјална помош, туку и што мисли јавноста за иднината на нивните социјални држави. Модулите во Европското општествено истражување за ставовите за благосостојбата се дизајнирани да генерираат ваков вид на знаење.

На пример, она што го утврди првиот модул од 2008 година е дека во однос на ставовите за социјална помош изгледа постојат два европски света. На северо-запад луѓето обично го поддржуваат принципот на прераспределба и одговорност на државата на благосостојбата на граѓаните и тие позитивно го оценуваат начинот на кој се применуваат овие принципи. На југ и исток, луѓето ги поддржуваат принципите, но



главно се разочарани од придобивките и услугите што реално им се овозможуваат.

Што се однесува до општата легитимност на државата на благосостојба, беше откриено дека многу малку Европејци се критични во однос на моралните и економските последици од обезбедувањето социјална помош од државата (на пр. социјалната помош ќе ги направи луѓето помалку одговорни едни за други и за себе, таквата благосостојба ќе биде лоша за работната етика на луѓето и за економската конкурентност), а многу поголем е бројот на оние, кои позитивно гледаат на општествените предности од обезбедената благосостојба (социјалната помош ја намалува нееднаквоста и го стимулира социјалниот поредок, и обезбедувањето на социјална помош води кон подобар квалитет на живот за многумина).

Имајќи ги предвид економските проблеми, интересен е наодот кој посочува дека колку е подобра економската состојба, толку повеќе Европејците ја поддржуваат социјалната помош и солидарноста. Но, и обратно, во време на економски тешкотии, поголемиот дел од јавноста во Европа има тенденција да покажува намалена заедничка солидарност.

# СТАВОВИ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЕНЕРГИЈА

Ова е целосно нов ротирачки модул вклучен во истражувањето во 8. бран (2016) со теренска работа, која се одвивала кон крајот на 2016 година и почетокот на 2017 година.

**Професор Вутер Пуртинга, Универзитет во Кардиф**

Глобалните климатски промени се една од најголемите еколошки закани со кои се соочува светот во моментов. Начините на кои поединците, владите и меѓународната заедница реагираат на заканата, во голема мера зависи од гледиштата на јавноста за реалноста и последиците од климатските промени. Основните промени во употребата и производството на енергија што се потребни за ублажување на климатските промени може да се исполнат само со одржлива поддршка на јавноста за акција. Сепак, постојат големи разлики во разбирањето на јавноста за климатските промени и подготвеноста за преземање и поддршка за акција. Перцепциите на јавноста имаат тенденција да варираат во различни земји и културно-политички групи, и исто така се менуваат со текот на времето.

Различни студии се обидоа да ја разберат комплексноста на јавното мислење за климатските промени. Психолошките истражувања покажаа дека подготвеноста да се преземат индивидуални активности во голема мера зависи од загриженоста за околината и личните норми. Ставовите за климатските промени се чини дека се исполитизирани. Особено во САД, националните истражувања покажуваат зголемена поларизација според политичката идеологија и партиската идентификација. Додека во Велика Британија политички конзервативните и неактивни или неприврзани групи покажуваат поголема веројатност да изразат климатски скептичен став и помала веројатност да поддржат активности за спречување на климатските промени, и нема докази за понатамошна поларизација со текот на времето.

Варијациите меѓу земјите и низ времето се можеби потешки за објаснување, пред се поради недостаток на квалитетни меѓународни податоци и податоци за подолг временски период. Предложени се неколку објаснувања за да се објасни зголемениот климатски скептицизам, вклучувајќи губење на доверба во климатските науки, економскиот пад што ги тргнува настрана загриженоста за животната средина, и медиумите кои им посветуваат премногу внимание на климатските скептици. Истражувањата покажуваат дека екстремните временски прилики, како што се поплавите, можат да влијаат на ставовите на јавноста за климатските промени, а голем број студии покажаа дека температурните аномалии се поврзани со верувањата на јавноста во реалноста на климатските промени.

Преку истражувањето и важноста на социо-економските фактори се покажува дека климатските промени директно се натпреваруваат за вниманието на јавноста со другите секојдневни проблеми, како што е состојбата во економијата. Доказите за ефектите на медиумите во перцепцијата на климатските промени се сепак помалку јасни, иако климатскиот скептицизам во однос на медиумското покривање и јавното мислење се чини дека се во голема мера англофонски феномен.

Климатскиот и енергетскиот модул кој е дел од 8. бран на Европското општествено истражување е специјално дизајниран да создаде сеопфатна, теоретски втемелена база на податоци што ќе помогне да се направат силни споредби на перцепциите на Европејците за климатските промени, енергетската безбедност и енергетските преференции. Оваа сеопфатна база на податоци ќе помогне да се обезбеди подобро разбирање за тоа како ваквите согледувања се обликуваат од индивидуални и социо-политички контекстуални фактори.

# КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ОД МЕЃУНАРОДНА ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА

**„Европското општествено истражување е одличен проект со неверојатна вредност. Огромната количина на научни податоци собрани за ставовите и однесувањето на јавноста, овозможува споредби меѓу европските држави и, исто така, во рамки на временски периоди. Сето ова од истражувањето прави многу корисно средство за ефективно креирање политики, вклучително и за намалување на социјалните нееднаквости во здравството“.**

**Витенис Андриукаитис**
Европски комесар за здравје и безбедност на храна, 23 февруари 2017 година

Разбирањето на ставовите на јавноста е клучно за формулирање на јавната политика, особено во ера на опаѓање на политичкото учество и излезност на изборите. Резултатите од анкетите на ЕОИ можат да имаат корисно влијание врз пан-европското управување и да придонесат за промени во политиките во земјите учеснички.

ЕОИ ги осветлува социјалните и политичките ставови на населението и ги поврзува со податоци за однесувањето на луѓето или со општествените околности. Следи високи научни стандарди, а голем дел од нив претходно се сметале како недостижни во истражувања од ваква природа. Тоа значи дека податоците од ЕОИ можат да се користат за да се обезбеди разбирање за влијанието од законските измени врз населението.

Овој дел вклучува голем број примери каде ЕОИ директно влијаеше на политиката.

Податоците од 4.бран му помогнаа на Бугарскиот парламент во развојот на две политики од националното законодавство за имиграција: Законот за унапредување на инвестициите и Законот за странци во Република Бугарија. Законот за унапредување на инвестициите обезбеди еднаков третман на бугарските и на странските инвеститори, а Законот за странци дозволуваше подобри законски права за странски државјани, кои биле во посета.

Податоците земени од ротирачкиот модул на ЕОИ во 5.бран, „Доверба во правдата“, беа користени во проект на на Европската комисија: „Euro-Justis“. Проектот „Euro-Justis“ им обезбеди на институциите на Европската унија и земјите членки нови индикатори за проценка на довербата на јавноста во правосудниот систем. Националниот завод за ревизија (НЗР) на Обединетото Кралство, врз основа на овој модул од ЕОИ, му посочува на парламентарниот комитет на Долниот дом во Британскиот парламент, како владиниот оддел во Министерството за правда може да ја спореди правдата во Велика Британија со правдата во другите европски земји. Податоците од модулот „Доверба во правдата“ дополнително се појавија во извештајот на Министерството за правда од 2012 година, што доведе до промени во начинот на кој Кралскиот Инспекторат на полицијата ја следи работата на високите полициски службеници.

ЕОИ организираше семинар за правда, чиј домаќин беше Центарот за студии за европска политика, водечки европски тинк-тенк, а присуствуваа и високи претставници на Европската комисија. Исто така, семинар беше организиран во 2012 година за одделот за правда во Владата на Обединетото Кралство.

Естонското Министерство за социјални работи и образование имаше корист од користењето на методологијата од ЕОИ. Семинари за ЕОИ беа одржани во 2009 година и податоци од ЕОИ беа користени од иницијативи финансирани од Министерството, како што е истражувањето на Програмата за меѓународна проценка на компетенциите за возрасни (PIAAC), во 2011 година. Пред ова, податоците за имиграцијата собрани за време на 3-от круг беа користени во извештај на естонската канцеларија на Министерот за прашања на населението во 2008 година.

Во 2010 година, Државниот завод за статистика на Обединетото Кралство (Office of National Statistics - ONS), започнува програма чија цел е мерење на



националната благосостојба. Утврдено е дека треба да се обезбеди поцелосна слика за општеството со дополнување на постојните економски, социјални и еколошки мерки со мислењата на населението.

Како поддршка на програмата, Државниот завод за статистика ги анализираше основните податоци од ЕОИ за мерење на задоволствотои среќата од животот, како и модулот за благосостојба од 3. бран на ЕОИ.

Мерките за субјективна благосостојба на Државниот завод за статистика беа развиени соодветно со дискусиите со „Фондацијата нови економии" и нејзините наоди од 3. бран на ЕОИ. Покрај тоа, Тимот за стратегија и анализа при Владата на Велика Британија ги користеше доказите од ЕОИ за да го обезбеди разбирањето на концептот на благосостојба низ сите владини оддели.

Ротирачкиот модул во 4. бранод ЕОИ за искуства и појавите на дискриминација кон постарите луѓе беше развиен од Универзитетот во Кент и од ЕОИ. Модулот беше надополнет со длабинска програма за работа помеѓу Универзитетот во Кент, добротворна организација „Age UK" и Одделот за работа и пензии (DWP) во Владата на Голема Британија.

Овој Оддел нарача тимот да произведува извештаи користејќи податоци од ЕОИ и во соработка со висок истражувач од самиот оддел. ЕОИ одржа семинар во Одделот за работа и пензии на оваа тема, во 2013 година, за ова Одделение, а и другите владини аналитичари, да ги запознае со базата на податоци на ЕОИ и да ги презентира наодите од ЕОИ. На овој настан, координаторите на „Годината на активно стареење и меѓугенерациска солидарност" во ЕУ и во Велика Британија, исто така, дискутирaа за податоците на ЕОИ, подвлекувајќи ја важноста на подготвувањето во општеството што стареe.

Примери на вклучување во други политики:

- Истражувачките податоци за млади, од 3. и 6.бран, се појавија во извештајот за 2016 година објавен од Министерството за социјални работи и здравство на Франција (Ministère des Affaires Sociales et de la Santé).
- Податоците од ЕОИ се користени во извештаите на германските федерални канцеларии и министерства, како и во локалните администрации во Германија, честопати како референтна смерница за локални истражувања, на пример за миграцијата.
- Полскиот национален координативен тим,за Националната банка на Полска во 2011 година, обезбедил обука базирана на ЕОИ.
- ЕОИ периодично,врз основа на своите податоци,организира семинари за суштинско креирањенаполитики. Вакви семинари се одржале: за демократијата во Европскиот и Италијанскиот парламент (2015 година); за благосостојбата, за ставовите за благосостојба и семејството, за работата и благосостојбата (2013, 2014) и за имиграцијата (2017) во ОЕЦД (Организација за економска соработка и развој). Настани за доверба во полицијата и судовите се одржани во Центарот за европска политика (2012 година). Во 2017 година се одржал настан со комесарот Витенис Андриукаитис (Здравје и безбедност на храна) при Европската комисија.
- Во 2016 година ЕОИ ги претстави податоците и порталот за онлајн анализа пред вработените во Одделот за истражување на Библиотеката во Долниот дом на Обединетото Кралство.

**„(ЕОИ им овозможува на) владите, аналитичарите на политиките и на научниците да бидат во чекор со општествените трендови што влијаат на функионирањето на демократијата, и како европските граѓани гледаат на своите животи, својата нација и светот."**

**Дејвид Вилетс**
Министер за универзитети во Велика Британија, јуни 2011 година

# ИЗДАНИЈА НА ЕОИ

## КЛУЧНИ НАОДИ ОД ЕОИ

Во 2011 година, ЕОИ лансираше нова серија документи за клучните наоди, кои се концизни меѓународни резимеа на одредени теми опфатени во прашалникот.




| Клучни наоди во кои се користат податоци од ЕОИ | Користени податоци од ЕОИ |
|---|---|
| 1. Доверба во правдата | 5.бран |
| 2. Ставови за благосостојба во Европа | 4. бран |
| 3. Економска криза, квалитет на работа и општествена интеграција | 2. и 5. бран |
| 4. Разбирање и евалуација на демократијата од европските граѓани | 6.бран |
| 5. Лична и социјална благосостојба на европските граѓани | 6.бран |
| 6. Општествени нееднаквости во здравството и нивни детерминанти | 7. бран |
| 7. Ставови кон имиграцијата и кон претците | 7бран |

## БРОШУРИ СО ПОДАТОЦИ

Изработени се две брошури со наоди кои нудат поопшт преглед на широк опсег на теми опфатени со ЕОИ.

Првата брошура, користи резултати од првите три брана на истражувањето (2002-06)и ги нагласува трудовите од академската заедница за теми како што се: обезбедување на социјална помош, стареење и финансиска безбедност, пристап до Интернет, доверба во институциите, образованието и политиката, семејство и работа, религија, миграција, државјанство, секс и сексуалност и обука.

Втората публикација опфаќа пет брана од ЕОИ (до 2010 година) и вклучува академски написи за интеграција на Европското општествено истражување, работа во време на економска криза, социјални детерминанти на здравјето, родова еднаквост, здравје и благосостојба, социјална држава, задоволство од демократијата, дискриминација кон старите, политичко учество, брак и партнерства, криминал и имиграција.

Сите произведени документи се достапни како печатена копија или како PDF што може да се преземе од веб-страницата на ESS ERIC.




| Брошури со наоди кои користат податоци од ЕОИ | Користени податоци од ЕОИ |
|---|---|
| Клучни наоди од првите три круга на ЕОИ | 1-3. бран |
| Клучни наоди од првите пет круга на ЕОИ | 1-5. бран |




## ЕОИ ЗА БЛАГОСОСТОЈБАТА

Клучен иден предизвик за креаторите на политики низ цела Европа е обезбедување на здравје и благосостојба на нивното население. Имајќи го ова предвид, ЕОИ создаде нова интерактивна веб-страница, во 2015 година, за да ги претстави најновите наоди за благосостојбата: www.esswellbeingmatters.org

Иницијативата - Мерење и известување за благосостојбата на Европејците: Наоди од европското општествено истражување - го покажува опфатот обезбеден од податоците на ЕОИ, за истражување на дефиницијата, дистрибуцијата и двигателите на субјективната благосостојба низ цела Европа. Академската заедница, креаторите на политики и студентите се охрабруваат да ја истражуваат новата веб-страница и да го користат ресурсот за сопствено истражување и политика за информирање.

На веб-страницата е брошурата за благосостојба објавена во јуни 2015 година: Мерење и известување за благосостојбата на Европејците: Наоди од европското општетсвено истражување.

# РЕФЕРЕНЦИ

http://www.europeansocialsurvey.org/

http://www.europeansocialsurvey.org/data/

http://nesstar.ess.nsd.uib.no/webview/

http://www.europeansocialsurvey.org/bibliography/

http://essedunet.nsd.uib.no/

# КОНТАКТИРАЈТЕ НЕ

Прашањата за членство треба да бидат упатени до Директорот на ЕОИ ЕИИК користејќи ги деталите за контакт подолу.

Ако имате општи прашања за Европското општествено истражување или сакате да дознаете повеќе, контактирајте го тимот на ЕОИ со седиште во Сити Универзитет во Лондон:

ESS ERIC Headquarters
City, University of London
Northampton Square
London, EC1V 0HB
United Kingdom
+44 (0)20 7040 4901

ess@city.ac.uk

http://www.europeansocialsurvey.org/

Проектот во Република Северна Македонија го спроведува Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

# НАЈДЕТЕ ПОВЕЌЕ ЗА ЕОИ

Европското општествено истражување е европски конзорциум за истражувачка инфраструктура (ESS ERIC) кој обезбедува податоци за ставовите, убедувањата и однесувањето на јавноста.

Ако имате општи прашања за Европското општествено истражување или сакате да дознаете повеќе, контактирајте го тимот на ЕОИ со седиште во Сити Универзитет во Лондон:

ESS ERIC Headquarters
City, University of London
Northampton Square
London, EC1V 0HB
United Kingdom
+44 (0)20 7040 4901

**ess@city.ac.uk**
**europeansocialsurvey.org**
**esswellbeingmatters.org**
**ESS_Survey**
**EuropeanSocialSurvey**

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
**isppi.ukim.edu.mk**
бул. Партизански одреди б.б.
Скопје
Република Северна Македонија

Дизајнирано и произведено од Blackwood Creative Ltd (**weareblackwood.com**)